# Извори на загадување на воздухот во Општина Струмица

Сите примероци се направени од лабораторија Амбикон при Универзитетот „Гоце Делчев " Штип вопериодот од **март 2023** до **април 2024** година.




**ЛОКАЦИЈА**
Избор на соодветна локација за мерната станица

**ПРИМЕРОЦИ**
Земање на примероци во период од една година

**АНАЛИЗА**
Гравиметриска и хемиска анализа на земените примероци

**ПОДАТОЦИ**
Обработка на податоците и одредување на изворите на загадување на воздухот

**Минималната** измерена дневна концентрација на суспендирани честички **PM 2.5** изнесува **6,7 µg/m³**, додека **максималната** високи **240 µg/m³**.

Во **пролетните и летните** месеци просекот изнесува **27,6 µg/m³**. Сепак, просечната концентрација дури и за топлите месеци ја **надминува** годишната гранична вредност за **околу 10%**.

Во текот на **грејната сезона**, концентрациите се значително повисоки во однос на топлите месеци. Просечната вредност за месеците од грејната сезона **изнесува 62,7 µg/m³** и е повеќе од **двојно повисока од просекот** во топлите месеци.

## ВРЕМЕНСКА РАСПРЕДЕЛБА НА ИЗВОРИТЕ НА ЗАГАДУВАЊЕ НА ВОЗДУХОТ



















## УЧЕСТВО НА ИЗВОРИ НА ЗАГАДУВАЊЕ ПО МЕСЕЦИ




Во текот на **зимските месеци** (ноември - април) **согорувањето на биомаса** е главен извор на загадувањето на воздухот, со просечен месечен придонес кој се движи **помеѓу 10 и 50 µg/m³**. Во декември и јануари само овој извор придонесува да се надминат годишните гранични вредности.



**Сообраќајот** е **вториот најважен извор**, со **постојан придонес** во текот на годината и значајно **зголемување во летниот период**.



**Согорување на мазут и нафта** е забележливо во текот на целата година, но **доминира** во периодот од **ноември до април**.



**Горењето на оган на отворено** е забележливо во текот на целата година, со **најголем придонес во пролетните и раните летни месеци** (мај, јуни и јули) и во доцна есен и зима.

## МАСЕНА КОНЦЕНТРАЦИЈА НА СУСПЕНДИРАНИ ЦВРСТИ ЧЕСТИЧКИ PM 2.5




Ова истражување е подготвено од Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип (Амбикон Лаб) во рамки на проектот „Справување со загадувањето на воздухот" кој го имплементира Програмата за развој на Обединетите нации (УНДП) во партнерство со Министерството за животна средина и просторно планирање и општините Кавадарци, Куманово, Гостивар, Струга и Струмица.

Овој проект е дел од Програмската рамка на УНДП, финансирана од Шведска. Во рамки на програмата исто така се спроведува и проектот „Јакнење на општинските капацитети за имплементација на проекти".

Ставовите изразени во овој документ се на авторите и не секогаш ги одразуваат гледиштата на УНДП, Шведска како донатор и на другите партнери во проектот.

AMBICON.UGD

Sweden Sverige

UNDP